Финансирано од Европска Унија
ЕУ со ТЕБЕ
ЦЕНТАР ЗА ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ
CENTER FOR LEGAL RESEARCH AND ANALYSIS
МЗМП
ФРОНТ 21|42
Натура МК

# ЗАШТИТАТА НА ПРИРОДАТА НЕ Е ТРОШОК

## таа е управување со вредност

## МЕЃУНАРОДНИ ОБВРСКИ

Зелената агенда на Западен Балкан и глобалните обврски бараат државата да обезбеди и мобилизира финансии за зачувување на биодиверзитетот и управувањето со заштитените подрачја.

Конвенцијата за биолошката разновидност пропишува обврска за финансиска поддршка за национални активности за зачувување на биодиверзитетот.

Глобалната рамка Кунминг-Монтреал предвидува зголемување на финансирањето и мобилизација од сите извори, вклучително подготовка и имплементација на национални планови за финансирање.

## ШТО ВЕЛАТ УСТАВОТ И ЗАКОНИТЕ?

**Заштитата на природата е една од темелните вредности на државата прогласени со Уставот. Заради тоа, природните богатства, растителниот и животинскиот свет се прогласени за добра од општ интерес кои уживаат посебна заштита со закон.**

### Закон за заштита на природата

Законот за заштита на природата е клучната рамка за **прогласување, управување и финансирање** на сите категории на заштитени подрачја (национални паркови, паркови на природата, споменици на природата, заштитени предели).

**13 законски можности за финансирање:** државен и општински буџети, приходи од посетители, собирање диви видови и одржливо користење ресурси, надоместоци за дејности и активности во заштитени подрачја, екосистемски услуги, и други извори како донации и грантови.

### Закон за животна средина

Законот за животна средина предвидува Владата да обезбеди финансиска поддршка за заштитените подрачја преку годишна **Програма за инвестирање во животната средина.**

Со неа може да се финансираат студии, планови, инфраструктура, опрема, мерки и кофинансирање, преку конкурси и огласи објавени од Министерството за животна средина и просторно планирање.

### Други закони

Законите за води, шуми, пасишта, лов и риболов, отпад, и други, овозможуваат заштитените подрачја да собираат дополнителени приходи од надоместоци, концесии, донации и туристички такси.

## КОЈ ОДЛУЧУВА И КАКО СЕ НАПЛАТУВА?

1. **Програмско финансирање**
Средствата од државниот буџет се распоредуваат преку Годишна програма за заштита на природата (Влада, предлог МЖСПП).

2. **Тарифи и согласности**
Дел од надоместоците се утврдуваат со тарифи на управувачот, со претходна согласност од Владата.

3. **Договорни модели**
Надоместоци за дејност/активност, лого и екосистемски услуги се уредуваат преку договори со корисниците, со јасни обврски и намена.

4. **Наплата и намена**
Наплатата ја врши управувачот, а средствата задолжително се користат за заштита и управување во истото подрачје.

Овој инфографик е изработен во рамки на проектот „Поддршка за одржливи финансиски модели за заштитени подрачја", имплементиран од Натура МК, во рамки на програмата за подгрантирање на проектот „Добро владеење во животната средина на Зелена Агенда за Западен Балкан", имплементиран од Центарот за правни истражувања и анализи, Македонското здружение на млади правници и Фронт 21/42, а е финансиски поддржан од Европската Унија. Содржината на инфографикот е единствена одговорност на Натура МК и не треба на било кој начин да се смета за одраз на официјалниот став на Европската Унија